# ГОДИШЕН КОНКУРС
## за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на меѓународната соработка за 2026 година со Пријава за проект од областа на меѓународната соработка за 2026 година

Министерството за култура и туризам во 2026 година ќе ги поддржи следниве видови проекти од областа на меѓународната соработка:

## I. ВИДОВИ ПРОЕКТИ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Литературна и издавачка дејност** | **Максимален износ на финансиска поддршка** |
| 1.1. | Претставувања на правни лица на Саемот на книгата во Франкфурт, Германија | до 3.000.000,00 денари |
| 1.2. | Претставувања на правни лица на меѓународни саеми на книгата во странство (сите останати Саеми на книгата) | до 800.000,00 денари |
| 1.3. | Учество на меѓународни литературни фестивали и манифестации во странство | до 150.000,00 денари |
| 1.4. | Претставувања на литературното творештво на Република Северна Македонија во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство | до 220.000,00 денари |
| **2.** | **Драмска дејност** | |
| 2.1. | Учество на правни лица на театарски фестивали и манифестации во странство | до 180.000,00 денари |
| 2.2. | Претставувања на домашни театарски продукции од мал формат во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство | до 180.000,00 денари |
| **3.** | **Музичка и музичко-сценска дејност** | |
| 3.1. | Реализација на солистички концерти со придружба во странство | до 150.000,00 денари |
| 3.2. | Реализација на концерти на помали камерни состави (до нонет) во странство | до 300.000,00 денари |
| 3.3. | Реализација на концерти на поголеми музички формации во странство | до 500.000,00 денари |
| 3.4. | Реализација на хорски концерти во странство | до 350.000,00 денари |
| 3.5. | Реализација на музичко-сценски проекти во странство | до 500.000,00 денари |

ПРИМЕРОК

| | | |
|---|---|---|
| 3.6. | Реализација на солистички и камерни концерти во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство | Износот се утврдува по лице (табела 1) |
| 3.7. | Учество на правни лица на натпревари во странство | до 400.000,00 денари |
| 3.8. | Учество на физички лица на натпревари во странство | до 150.000,00 денари |
| 3.9. | Реализација на концерти на млади уметници до 25 години во странство | до 150.000,00 денари |
| **4.** | **Фолклор** | |
| 4.1. | Учество на фолклорни фестивали и манифестации во странство | до 350.000,00 денари |
| 4.2. | Реализација на фолклорни концерти во странство | до 350.000,00 денари |
| **5.** | **Визуелни уметности, архитектура и дизајн** | |
| 5.1. | Реализација на самостојни изложби/проекти на уметници од Република Северна Македонија од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во странство | до 180.000,00 денари |
| 5.2. | Реализација на групни изложби/проекти на уметници од Република Северна Македонија од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во странство | до 400.000,00 денари |
| 5.3. | Реализација на самостојни и на групни изложби/проекти на уметници од Република Северна Македонија во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство | Износот се утврдува по лице (табела 1) |
| 5.4. | Престој на уметници од Република Северна Македонија во ателјето во Меѓународниот град на уметноста во Париз | до 200.000,00 денари (за 1 лице) и до 300.000,00 денари (за 2 лица) |
| 5.5. | Претставувања на македонскиот стрип во странство | до 150.000,00 денари |
| 5.6. | Реализација на изложби на млади до 35 години во странство | до 150.000,00 денари |
| **6.** | **Заштита на културното наследство** | |
| 6.1. | Учество на научни собири од областа на заштитата на културното наследство во странство | до 150.000,00 денари |
| 6.2. | Изложби во странство (само за локални установи) | до 250.000,00 денари |
| 6.3. | Истражувачки проекти на правни лица и локални установи што се реализираат во странство во соработка со сродни институции од други држави | до 120.000,00 денари |
| 6.4. | Вмрежување на правни лица и локални установи со сродни институции од странство (проекти кои ќе се реализираат во странство) | до 150.000,00 денари |

ПРИМЕРОК

| | | |
|---|---|---|
| 6.5. | Истражувања и резиденцијални престои во странство | до 120.000,00 денари |
| 7. | **Учество и активности во рамките на меѓународни мрежи и организации (вклучително и покривање трошоци за членување, котизации)** | до 600.000,00 денари |
| 8. | **Учество на меѓународни конференции, симпозиуми, работилници, семинари и стручни усовршувања во странство** | до 150.000,00 денари |
| 9. | **Проекти што се наменети за промоција на активностите на маргинализираните лица, на лицата со попреченост и на лицата во социјален ризик во странство** | до 400.000,00 денари |
| 10. | **Учество на физички и правни лица во меѓународни проекти за соработка и размена меѓу Република Северна Македонија и странство (што не се поддржани од ЕУ-програми) (се однесува на сите дејности и на проекти кои ќе се реализираат во странство)** | до 300.000,00 денари |
| 11. | **Кофинансирање на проекти од различни програми на ЕУ, кои содржат приоритети од областа на културата, уметноста и туризмот** | до 250.000,00 денари |
| 12. | **Проекти/манифестации/фестивали од мултидисциплинарен карактер во странство** | до 1.500.000,00 денари |

ПРИМЕРОК

ЗАБЕЛЕШКИ:

Поддршката на проектите ќе се однесува на покривање на патните, дневните и трошоците за сместување во одредена земја, како и на другите организациски потреби.

При реализација на ликовни претставувања задолжителна е изработка на каталог и презентација на оригинални дела, а не на принтови.

Во проектите за претставување во Македонскиот центар во Њујорк може да бидат вклучени најмногу 4 (четири) лица (исклучиво учесници во проекти).

Во македонското ателје во Париз може да престојуваат најмногу 2 (две) лица (учесници во проект). Лицата кои во изминатите 3 години оствариле престој во ателјето немаат право на учество на овој годишен конкурс. Престојот во ателјето не може да биде пократок од два месеца.

Учесниците на Годишниот конкурс кои поднесуваат пријави за реализација на проекти во културно-информативните центри во странство, како и лицата вклучени во проектите, не треба да имаат реализирано претставувања во центарот за кој поднесуваат апликација во последните три години. Ова не се однесува на традиционалните манифестации. Во листата на поддржани проекти во културно-информативните центри ќе бидат содржани и програмите на директорите на центрите. Бројот на поддржани проекти ќе зависи од расположливоста на термините за реализација на проектите во центрите. При реализација на ликовни претставувања, задолжителна е изработка на каталог и презентација на оригинални дела, а не на принтови на дела. Износот за поддршка за претставување во културно-информативните центри во странство ќе се одредува по лице (табела 1).

**Табела 1**

| КИЦ во странство | Износ по лице согласно денови на престој | Забелешка |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Македонски културен центар во Њујорк | до 125.000,00 денари по лице (за ликовна дејност) | Задолжителен престој и времетраење на изложба - 12 дена |
| | до 85.000,00 денари по лице (за останати дејности) | Предвиден престој на уметник – до 7 дена |
| Културно-информативен центар во Софија | до 65.000,00 денари по лице (за ликовна дејност) | Задолжително времетраење на изложба - 15 дена (со предвидени трошоци за престој на уметникот до 4 дена, за поставување и враќање на изложбата) |
| | до 35.000,00 денари по лице (за останати дејности) | Предвиден престој на уметник – до 3 дена |
| Културно-информативен центар во Истанбул | до 75.000,00 денари по лице (за ликовна дејност) | Задолжително времетраење на изложба и престој на уметник - 7 дена |
| | до 55.000,00 денари по лице (за останати дејности) | Предвиден престој на уметник – до 4 дена |
| Културно-информативен центар во Тирана | до 60.000,00 денари по лице (за ликовна дејност) | Задолжително времетраење на изложба и престој на уметник - 15 дена (со предвидени трошоци за престој на уметникот до 4 дена, за поставување и враќање на изложбата) |
| | до 45.000,00 денари по лице (за останати дејности) | Предвиден престој на уметник – до 3 дена |
| Културно-информативен центар во Загреб | до 90.000,00 денари по лице (за ликовна дејност) | Задолжително времетраење на изложба и престој на уметник - 7 дена |
| | до 65.000,00 денари по лице (за останати дејности) | Предвиден престој на уметник – до 4 дена |
| Културно-информативен центар во Белград | до 55.000,00 денари по лице (за ликовна дејност) | Задолжително времетраење на изложба - 15 дена (со предвидени трошоци за престој на уметникот до 4 дена, за поставување и враќање на изложбата) |
| | до 45.000,00 денари по лице (за останати дејности) | Предвиден престој на уметник – до 3 дена |

Котизациите за членство во меѓународните организации, престојот во Меѓународниот град на уметностите во Париз, Франција и претставувањата во Културно-информативните центри во странство нема да се бодуваат.

Министерството за култура и туризам, во согласност со приоритетите, првенствено ќе го поддржи членството во следниве меѓународни организации:

ПРИМЕРОК

Во областа на литературната и издавачката дејност:

- Меѓународен ПЕН-центар;
- Меѓународна поетска мрежа „Лириклајн“;
- Европска асоцијација на писатели.

Во областа на драмската дејност:

- Интернационален театарски институт;
- Меѓународна организација на театарска критика – ИАТЦ;
- Меѓународна организација на аматерски театар – АИТА/ИАТА.

Во областа на аудиовизуелната дејност:

- Меѓународна федерација на филмски архиви – ФИАФ;
- Асоцијација на европски кинотеки – АЦЕ;

Во областа на музичката и музичко-сценската дејност:

- Европска асоцијација на фестивалите;
- Меѓународна асоцијација на уметнички менаџмент;
- Интернационално здружение за изведувачки уметности;
- Европска џез-мрежа;
- Форум на светски музички фестивали;
- Европска алијанса на композитори и текстописци;
- Светска федерација на музичката младина;
- Европска унија за музички натпревари за млади;
- Светската унија на хармоникашите;
- Интернационален совет за традиционална музика.

Во областа на фолклорот:

- Меѓународен совет на организациите за фолклорни фестивали и фолклорни уметности – ЦИОФФ.

Во областа на ликовната уметност:

- Меѓународна асоцијација на ликовни критичари – АИКА.

Во областа на музејската дејност:

- Меѓународен совет на музеите – ИКОМ.

Во областа на заштитата на културното наследство:

- Меѓународен совет за споменици и локалитети – ИКОМОС;
- Син штит;
- Европска асоцијација на археолози.

II. ПРИОРИТЕТИ

**За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполнат најмалку 3 (три) од следниве приоритети, во согласност со видот на проектот:**

ПРИМЕРОК

1. Промоција и афирмација на културното наследство и на современото уметничко творештво од Република Северна Македонија во странство.
2. Мобилност на меѓународната сцена на автори, уметници, културни работници, куратори и претставници на здруженија, организации, асоцијации и приватни субјекти кои работат во областа на културата и уметноста од Република Северна Македонија.
3. Усовршување и размена на стручни лица од областа на културата и уметноста во странство.
4. Промоција на млади и талентирани автори и уметници во странство.
5. Реципроцитет со соодветни партнери во странство.
6. Партиципација и активен придонес во работата на меѓународните мрежи (активности во странство).
7. Развивање на соработката со домашни и со странски фондови и фондации.
8. Промоција во земјите претседавачи на ЕУ во 2026 година (Република Кипар и Република Ирска).
9. Промоција во градовите – европски престолнини на културата во 2026 година (Оулу, Република Финска и Тренчин, Република Словачка).
10. Промоција во земји со кои Република Северна Македонија има потпишано програми, меморандуми, протоколи, договори за соработка и спогодби во областа на културата.
11. Промоција на реномирани меѓународни манифестации, фестивали, саеми на книги и на други видови настани во странство.
12. Реализација на квалитетна програма на културно-информативните центри на Република Северна Македонија во Софија, Њујорк, Истанбул, Тирана, Загреб и во Белград.
13. Унапредување на соработката со земји каде што има најголем број иселеници од Република Северна Македонија (Австралија, Канада, Шведска и др.).
14. Промоција на европските вредности кои го одржуваат континуитетот на активната партиципација на субјекти од нашата држава во европски проекти и иницијативи.
15. Унапредување на стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и САД.
16. Промоција на активностите на маргинализираните лица, на лицата со попреченост и на лицата во социјален ризик во странство.

## III. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

**За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, подносителот на пријавата треба да ги исполни следниве**:

### А) ОПШТИ УСЛОВИ

- Да е државјанин на Република Северна Македонија (за физички лица).
- Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица).
- Да има документ со кој се потврдува учеството на наведените учесници/соработници во проектот (освен кога носителот на проектот не пријавил други учесници/соработници).
- Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права).
- Да има официјална потврда, покана или преписка со странскиот партнер за учество или за резиденцијален престој (доколку проектот се реализира врз основа на покана).

DIMEPOK

- Да има договор за соработка со сродна институција или друг вид договор (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка).

<u>Б) ПОСЕБНИ УСЛОВИ ПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИ</u>

**<u>Подносителот на проектот од областа на меѓународната соработка во целост треба да ги исполни наведените посебни услови:</u>**

<u>1. За литературна и издавачка дејност:</u>

**1.1. За претставувања на правни лица на Саемот на книгата во Франкфурт, Германија со максимален износ на финансиска поддршка до 3.000.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 3 (три) претставувања на големи меѓународни саеми на книгата во странство,
- во проектот да партиципираат најмалку 3 (три) домашни издавачки куќи кои имаат вкупна продукција од најмалку 30 (триесет) книги на годишно ниво,
- во концептот на претставувањето да е вклучена промоција на туристичките потенцијали на Република Северна Македонија.

**1.2. За претставувања на правни лица на меѓународни саеми на книгата во странство (сите останати Саеми на книгата) со максимален износ на финансиска поддршка до 800.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 2 (две) претставувања на помали меѓународни саеми на книгата во странство,
- во проектот да партиципираат најмалку 3 (три) домашни издавачки куќи кои имаат вкупна продукција од најмалку 20 (дваесет) книги на годишно ниво,
- во концептот на претставувањето да е вклучена промоција на туристичките потенцијали на Република Северна Македонија.

**1.3. За учество на меѓународни литературни фестивали и манифестации во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано или учествувано на најмалку 4 (четири) претставувања на литературни фестивали и манифестации во земјава и во странство.

**1.4. За претставувања на литературното творештво на Република Северна Македонија во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 220.000,00 денари**

Во концептот на проектот со кој ќе се претставува литературното творештво на Република Северна Македонија во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство треба да бидат застапени најмалку 3 (три) реномирани автори од Република Северна Македонија (за групни претставувања) или да има рецензија од реномиран книжевен критичар или универзитетски професор за конкретното книжевно дело што се претставува (за поединечно претставување). Авторите кои во последните 3 (три) години оствариле претставување во конкретниот културно-информативен центар, немаат право на учество на Годишниот конкурс.

ПРИМЕРОК

ПРИМЕРОК

**2. За драмска дејност:**

**2.1. За учество на правни лица на театарски фестивали и манифестации во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 180.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 5 (пет) продукции и претставата со која се аплицира да е веќе премиерно изведена во државава или во странство,
- екипата во претставата да е составена и од уметници со професионална кариера на театарските сцени во Република Северна Македонија или учесници од странство,
- фестивалот или манифестацијата треба да е со традиција на постоење над 5 (пет) години.

**2.2. За претставувања на домашни театарски продукции од мал формат во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 180.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 3 (три) продукции и претставата со која се аплицира да е веќе премиерно изведена во државава или во странство,
- екипата во претставата да е составена и од уметници со професионална кариера на театарските сцени во Република Северна Македонија или учесници од странство.

**3. За музичка и музичко-сценска дејност:**

**3.1. За реализација на солистички концерти со придружба во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 7 (седум) концерти во Република Северна Македонија, од кои 4 (четири) солистички рецитали со различна програма,
- да има реализирано најмалку 5 (пет) концерти во странство (солистички настап со оркестар или настапи во камерни состави),
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото).

**3.2. За реализација на концерти на помали камерни состави (до нонет) во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 300.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години учесникот и соработниците во проектот:

- да имаат секој поединечно реализирано најмалку 5 (пет) концерти во Република Северна Македонија,
- да имаат секој поединечно реализирано најмалку 3 (три) концерти во странство,
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото).

**3.3. За реализација на концерти на поголеми музички формации во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 500.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 3 (три) концерти во конзистентен состав во Република Северна

Македонија,
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото).

**3.4. За реализација на хорски концерти во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 350.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:
- да има реализирано најмалку 10 (десет) концерти во државава и во странство,
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото),
- да има освоено најмалку 2 (две) награди на реномирани натпревари во странство.

**3.5. За реализација на музичко-сценски проекти во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 500.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:
- да има реализирано најмалку 5 (пет) проекти што се претставени и во градовите во Република Северна Македонија,
- да има реализирано најмалку 2 (две) меѓународни претставувања,
- проектот да биде премиерно изведен во Република Северна Македонија или во странство.

**3.6. За реализација на солистички и камерни концерти во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство со износ утврден по лице во табела 1.**

**<u>А) За солистички концерти</u>**

Во последните 10 (десет) години:
- да има реализирано најмалку 7 (седум) концерти во Република Северна Македонија,
- да има реализирано најмалку 5 (пет) концерти во странство,
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото).

**<u>Б) За камерни концерти</u>**

Во последните 10 (десет) години учесникот и соработниците во проектот:
- да имаат секој поединечно реализирано најмалку 5 (пет) концерти во Република Северна Македонија,
- да имаат секој поединечно реализирано најмалку 3 (три) концерти во странство,
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото).

**3.7. За учество на правни лица на натпревари во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 400.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:
- да има реализирано најмалку 4 (четири) концерти во државава или во странство,
- да е добитник на најмалку 1 награда на национални натпревари.

**3.8. За учество на физички лица на натпревари во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

ПРИМЕРОК

- да има реализирано најмалку 4 (четири) концерти во државава или во странство,
- да има препораки од најмалку 2 (две) компетентни лица од струката или од институциите од дејноста (ова се однесува само за млади до 25 години),
- да е добитник на најмалку 1 награда на национални натпревари.

**3.9. За реализација на концерти на млади уметници до 25 години во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

- носителот да има реализирано најмалку 2 (два) настапи (солистички настап или настап во камерен состав) во Република Северна Македонија,
- во програмата за концертот да биде застапено дело на автор од Република Северна Македонија (задолжително да се наведат авторот и насловот на делото).

<u>**4. За фолклор:**</u>

**4.1. За учество на фолклорни фестивали и манифестации во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 350.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано над 30 (триесет) концерти/настапи во државава,
- да има реализирано над 15 (петнаесет) концерти/настапи во странство,
- да има освоено над 10 (десет) признанија на национално и над 10 (десет) признанија на меѓународно ниво,
- да учествува на фестивал или манифестација со традиција на постоење над 5 (пет) години.
.

**4.2. За реализација на фолклорни концерти во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 350.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано над 30 (триесет) концерти/настапи во државава,
- да има реализирано над 15 (петнаесет) концерти/настапи во странство,
- да има освоено над 10 (десет) признанија на национално и над 10 (десет) признанија на меѓународно ниво.

<u>**5. За визуелни уметности, архитектура и дизајн:**</u>

**5.1. За реализација на самостојни изложби/проекти на уметници од Република Северна Македонија од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 180.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 3 (три) самостојни изложби/проекти во националните или во локалните установи од дејноста во Република Северна Македонија,
- да има реализирано самостојно или да има учествувано во најмалку 5 (пет) меѓународни групни изложби/претставувања во странство.

**5.2. За реализација на групни изложби/проекти на уметници од Република Северна Македонија од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 400.000,00 денари**

ПРИМЕРОК

Во последните 10 (десет) години:

- подносителот на пријавата да има реализирано најмалку 3 (три) самостојни изложби/проекти во националните или во локалните установи од дејноста во Република Северна Македонија,
- куративот на изложбата да има континуирана активна дејност со реализирани најмалку 10 (десет) проекти.

**5.3. За реализација на самостојни и групни изложби/проекти на уметници од Република Северна Македонија во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство со износ утврден по лице во табела 1.**

<u>**А) За самостојни изложби/проекти**</u>

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 3 (три) самостојни изложби/проекти во националните или во локалните установи од дејноста во Република Северна Македонија,
- да има реализирано самостојно или да има учествувано во најмалку 5 (пет) меѓународни групни изложби/претставувања во странство.

<u>**Б) За групни изложби/проекти**</u>

Во последните 10 (десет) години:

- подносителот на пријавата да има реализирано најмалку 3 (три) самостојни изложби/проекти во националните или во локалните установи од дејноста во Република Северна Македонија,
- кураторот на изложбата да има континуирана активна дејност со реализирани најмалку 10 (десет) проекти.

**5.4. За престој на уметници од Република Северна Македонија во ателјето во Меѓународниот град на уметноста во Париз со максимален износ на финансиска поддршка до 200.000,00 денари (за 1 лице) и до 300.000,00 денари (за 2 лица)**

Во последните 10 (десет) години:

- да има реализирано најмалку 2 (две) самостојни изложби во националните или во локалните установи од дејноста во Република Северна Македонија или да има реализирано најмалку 2 (два) архитектонски проекти во Република Северна Македонија,
- да има реализирано самостојно или да има учествувано во најмалку 3 (три) меѓународни групни изложби/претставувања во странство.

**5.5. За претставувања на македонскиот стрип во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има реализирано најмалку 3 (три) проекта од ваков вид во државава и во странство.

**5.6. За реализација на изложби на млади до 35 години во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Да има реализирано најмалку 2 (две) самостојни или да има учествувано на групни изложби/претставувања во Република Северна Македонија.

ПРИМЕРОК

<u>6. За заштита на културното наследство:</u>

**6.1. За учество на научни собири од областа на заштитата на културното наследство во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има презентирано најмалку 3 (три) научни трудови на релевантни и стручни конференции во странство и носителот на проектот да има научно/стручно звање.

**6.2. За изложби во странство (само за локални установи) со максимален износ на финансиска поддршка до 250.000,00 денари**

Изложбата со која ќе се претстави во странство да е реализирана во државава и претставена пред домашната публика во претходните години.

**6.3. За истражувачки проекти на правни лица и локални установи што се реализираат во странство во соработка со сродни институции од други држави со максимален износ на финансиска поддршка до 120.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во државава или во странство.

**6.4. За вмрежување на правни лица и локални установи со сродни институции од странство (проекти кои ќе се реализираат во странство) со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Да постои писмено изразен интерес и план за соработка со сродната институција од странство.

**6.5. За истражувања и резиденцијални престои во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 120.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има реализирано најмалку 3 (три) истражувања од областа на заштитата на културното наследство во државава и во странство.

**7. За учество и активности во рамките на меѓународни мрежи и организации (вклучително и покривање трошоци за членување, котизации) со максимален износ на финансиска поддршка до 600.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има учествувано во најмалку 3 (три) активности во рамките на меѓународните мрежи и организации.

**8. За учество на меѓународни конференции, симпозиуми, работилници, семинари и стручни усовршувања во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 150.000,00 денари**

Да има активна вклученост во програмата на конференцијата, симпозиумот, работилницата и семинарот во странство.

Да има препораки од најмалку 2 (две) компетентни лица од струката или од институциите од дејноста (ова се однесува само за млади до 25 години).

Да партиципираат учесници од повеќе држави.

ПРИМЕРОК

**9. За проекти што се наменети за промоција на активностите на маргинализираните лица, лицата со попреченост и на лицата во социјален ризик во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 400.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има реализирано или да има учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид.

**10. За учество на физички и правни лица во меѓународни проекти за соработка и размена меѓу Република Северна Македонија и странство (што не се поддржани од ЕУ-програми) (се однесува на сите дејности и на проекти кои ќе се реализираат во странство) со максимален износ на финансиска поддршка до 300.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има реализирано или да има учествувано во најмалку 3 (три) проекти од ваков вид.

**11. За кофинансирање на проекти од различни програми на ЕУ, кои содржат приоритети од областа на културата, уметноста и туризмот со максимален износ на финансиска поддршка до 250.000,00 денари**

Во последните 10 (десет) години да има реализирано најмалку 3 (три) проекти поддржани од програмите на ЕУ.

**12. За проекти/манифестации/фестивали од мултидисциплинарен карактер во странство со максимален износ на финансиска поддршка до 1.500.000,00 денари**

